ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА
NDËRMARRJE PUBLIKE
RADIODIFUZIONI NACIONAL
Бр.-Nr. 02-7411/4
30.10 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

И З В Е Ш Т А Ј З А Р А Б О Т Е Њ Е Т О
НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА-СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2025 ДО 30.06.2025 ГОДИНА

Содржина

1. ВОВЕД 3
2. Општи информации 3
2.1 Реализирани активности 5
3. ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ - БИЛАНС НА УСПЕХ 5
3.1.Приходи 6
3.2 Расходи 8
4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА- БИЛАНС НА СОСТОЈБА 11
4.1.1. Нетековни средства 11
4.1.2.Тековни средства 12
4.1.2.1 Пари и парични еквиваленти 12
4.1.2.2 Состојба на побарувања 12
4.1.2.3 Состојба на залихи 14
4. Состојба на обврски 14
5. Состојба на вработените 16
6. Заклучок за финансиско работење 16

1. ВОВЕД

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈП Национална радиодифузија-Скопје, изготвува шестмесечни извештаи со показатели за финансиското работење. Во составувањето на Финансиските извештаи, ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА – СКОПЈЕ ги применува усвоените Меѓународни стандарди за финансиско известување, односно Меѓународните сметководствени стандарди (МСФИ/ МСС).

Овој финансиски извештај се однесува за работењето во првиот шестмесечен извешај од 2025 -та година. Врз основа на прикажаните приходи и расходи за првиот шестмесечен извешај изразени во билансот на успех, ЈП Национална радиодифузија оствари позитивен финансиски резултат во износ од 15,409,045 денари.

Вкупните приходи во првиот шестмесечен извешај, се реализирани во висина од 126,128,289 денари, додека расходите во вкупен износ од 110,719,244 денари,со што е остварен позитивен финансиски резултат во износ од 15,409,045 денари.

ЈП Национална радиодифузија во периодот 01.01 до 30,06,2025 година своето работење го извршуваше со 162 вработени.

2. Општи информации

ЈП Национална радиодифузија – Скопје е јавен радиодифузен оператор на територијата на РСМ, кој се грижи за обезбедување, оптимална чујност и гледаност на програмите на територијата на Република Северна Македонија, што се емитуваат преку основната радиодифузна мрежа.

Во согласност со член 5 од Законот за основање на ЈП Национална Радиодифузија – Скопје (Сл.Весник на РМ бр.6/98 и дополнување во бр.98/2000) основна дејност на Друштвото опфаќа:

- развој, проектирање, изградба, одржување и употреба на основната радиодифузна мрежа на територијата на Република Северна Македонија;
- обезбедување пренос, емитување и дистрибуција на радио и телевизиски програми и други информациски содржини наменети за општ прием во слободен простор и по кабловска радио-телевизиска мрежа на територијата на Република Северна Македонија;
- обезбедување на телетекс, пренос на податоци преку радио и други услуги преку основната радиодифузна мрежа;
- обезбедување емитување на посебни програми за информирање, зачувување на културните и историските традиции и за одржување и унапредување на врските со иселениците и

други граѓани од Република Северна Македонија кои живеат во соседните земји, Европа и други континенти;

- контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија со радио и телевизиски сигнали емитувани од МРТ, како и контрола и мерење на пречки од други радиодифузни станици.

Со новите законски измени објавени на 12 Јули 2019 година во Службен весник бр.143 на Република Северна Македонија, извршени се измени и дополнувања во дејноста на ЈП Национална радиодифузија-Скопје. Дефинираните дејности се:

- пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниот радиодифузен сервис Македонска радио телевизија (во натамошниот текст МРТ),согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
- ЈП Македонска Радиодуфузија-Скопје за потребите на МРТ експериментално пренесува и емитува програми и/или програмски сервиси, обезбедува дополнителни услуги за емитување илипренос на програми и/или програмски сервиси на различни видови технолошки платформи, врз основа на одобрена студија од страна на Владата на Република Северна Македонија
- контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија на програмските сервис и кои ги пренесува и емитува јавното претпријатие
- обезбедува оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи
- поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за WiFi интернет пристап во единиците на локалната самоуправа на Националната оптичка транспортна мрежа
- обезбедување на пристапни broadband мрежи и средства во областите каде нема доволен комерцијален интерес за инвестиции за ваков вид намрежи, со цел операторите истите да ги користат за на крајните корисниц и да им обезбедат broadband пристап до интернет и други
- Друштвото може да остварува и дополнителни активности и услуги со надомест, по други радиодифузни мрежи, поврзани со основната дејност, а особено заради целосно и економично користење на техничките и човечките капацитети и остварување на дополнителен приход.

Основен извор на средствата за редовно работење и развој, односно за покривање на трошоците е приходот за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РСМ односно од Министерството за дигитална трансформација. Средствата за работење, се обезбедуваат и од други извори: приходи кои се остваруваат со обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги во кои не е опфатен

преносот и емитувањето на програмските сервиси на ЈП МРТ и од други извори во согласност со закон.

2.1 Реализирани активности

ЈП Национална Радиодифузија-Скопје како јавен национален радиодифузен оператор, обезбедува пренос и емитување на програмите и програмските сервиси за Македонската радио телевизија, преку сопствена мрежа на 135 локации низ целата територија на Република Северна Македонија. ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА – СКОПЈЕ рши размена на аудио и видео настани и материјали низ целата територија, како и размена на аудио и видео настани и материјали во странство.

Во текот на првиотшестмесечен извешај од 2025 -та година, активностите на ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА – СКОПЈЕ беа насочени кон исполнување на редовните активности во согласност со постојните законски задолженија.

Во првиот шестмесечен извешај од 2025 година, ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА – СКОПЈЕво рамките на редовните активности изврши:превентивно-тековно одржување и сервисирање на постојната DVB-T, ФМ и СБ опрема, редовно одржување на енергетската опрема, агрегатските постројки, системите за осветлување на антенските столбови, дигиталните предавателни и микробранови врски, како и редовно одржување на радиодифузните објекти во кои е сместена телекомуникациската опрема.

ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА – СКОПЈЕе имплементатор на Широко појасен Интернет (broadband мрежа), што опфаќа обезбедување на оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи, со фокус на определените бели зони и оправдани сиви зони.

ЈП Национална радиодифузија – Скопје, во првиот шестмесечен извешај од 2025 година ги реализираше активностите поврзани со законските обврски за Бродбендот.

3. ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ - БИЛАНС НА УСПЕХ

Билансот на успех ги прикажува вкупно остварените приходи и расходи од работењето на ЈП Национална радиодифузија – Скопје и финансискиот резултат во анализираниот период,првиот шестмесечен извешај од 2025 -та година.

Вкупните приходи во првиот шестмесечен извешај, се реализирани во висина од 126,128,289 денари, додека расходите во вкупен износ од 110,719,244 денари,со што е остварен позитивен финансиски резултат во износ од 15,409,045 денари.

Остварениот финансиски резултат во периодот 01.01.-30,06,2025 година, е како што следува:

Опис	***Остварување***	**Финансиски план 2025 г.**	***Остварување***
	01.01-30.06.2024г.		**01.01-30.06.2025 г.**
1	*2*	3	*4*
А.ВКУПНИПРИХОДИ	121,736,804	372,000,000	126,128,289
Б. ВКУПНИ РАСХОДИ	115,975,277	372,000,000	110,719,244
ФИНАНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ (А-Б)	***5,761,527***	***0***	***15,409,045***

3.1.Приходи

Во првиот шестмесечен извешај од годината, ЈП Национална радиодифузија – Скопје реализира вкупни приходи во износ од 126,128,289 денари, што е остварување од 33,9 проценти од Годишниот финансиски план. Споредени со приходите остварени во истиот период од минатата година, вкупните приходи се зголемиле за 3.6 проценти.

Приходите на претпријатието се над 93% од владата бидејќи со закон е укинато одлуката за да се наплати радиодифузна такса и ние како претпријатије немаме други приходи освен наемнини, останатиот дел од приходите ни се финансираат од страна на владата на РСМ.

Вкупните приходи според Билансот на успех остварени во период од 01.01до 30,06,2025 година се прикажани во следнава табела:

Преглед на вкупни приходи (според Биланс на успех)

Опис	Остварени приходи 01.01-30.06.2024г.	Планирани Приходи 2025 г.	Остварени приходи 01.01-30.06.2025 г.	Индекс 4/2*100	Индекс 4/3*100	Структура
1	2	3	4	5	6	7
Оперативни приходи	**6,648,370**	**40,000,000**	**7,527,903**	**113.2%**	**18.8%**	**5.97%**
Приходи од наемнини	6,648,370	40,000,000	**7,527,903**	113.2%	18.8%	5.97%
Останати приходи	**114,750,000**	**329,999,500**	**118,299,750**	**103.1%**	**35.8%**	**93.79%**
Приходи од наплатени отпишани побарувања и отпис на обврските		10,000,000	**0**	0.0%	0.0%	0.00%
Приходи од наплатени казни, пенали и сл.		1,400,000	**0**	0.0%	0.0%	0.00%
Приходи одсубвенции(МИОА)	114,750,000	236,599,500	**118,299,750**	103.1%	50.0%	93.79%
Приходи од донации			**0**	0.0%	0.0%	0.00%
Приходи од донации –Влада на РМ приход од правни и физички лица-Ковид		42,000,000		0.0%	0.0%	0.00%
Приходи од судски постапки		40,000,000	**0**	0.0%	0.0%	0.00%
Финансиски приходи	**338,434**	**2,000,500**	**300,636**	**88.8%**	15.0%	0.24%
Приходи од камати од работењето	338,434	2,000,500	**300,636**	**88.8%**	15.0%	0.24%
ВКУПНИ ПРИХОДИ	**121,736,804**	**372,000,000**	**126,128,289**	**103.6%**	**33.9%**	**100.0%**

Оперативните приходи во анализираниот период се остварени во износ од 7,527,903 денари, што е реализација од 18,8 % во однос на планираните приходи за 2025 година. Истите, учествуваат со 5,97 проценти во вкупно остварените приходи, а се однесуваат за остварен приход од наемнини. Споредени со приходите остварени во истиот период од минатата година, бележат

зголемување од 13.2 проценти. Приходите од наемнини, се реализираат по основ закупнина за користење на простор за сместување на опрема, од страна на: трговски радиодифузни друштва, интернет провајдери и други правни лица.

Ставката **останати приходи** има реализација во износ од 118,299,750 денари, или остварување од 35,6 проценти во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена.Споредени со приходите остварени во истиот период од минатата година, бележат раст за 3,1 проценти. Останатите приходи учествуваат со 93,79 проценти во вкупно остварените приходи, а се однесуваат за остварен приход по основ на субвенции од Буџетот на РСМ.

3.2 Расходи

Во функција на извршување на севкупните активности на ЈП НРД Скопје, во период од 01.01 до 30,06,2025 година, се остварени вкупни трошоци и расходи во износ од 110,719,244 денари. Во однос на Годишниот финансиски план за 2025 година, вкупните расходи во анализираниот период се остварени со 29,8 проценти. Споредени со расходите остварени во истиот период од 2024 година се намалени 4.5%.

Вкупните расходи според Билансот на успех остварени во период од 01.01 до 30,06,2025 година се прикажани во следнава табела:

Преглед на вкупни расходи (според Биланс на успех)

Група	Остварени расходи	Финансиски план 2025г.	Остварени расходи	Индекс	Индекс	Структура
	01.01-30.06.2024		01.01-30.06.2025 г.	4/2*100	4/3*100	
1	2	3	4	5	6	7
Трошоци за суровини, материјал,енергија,резр.делови и ситен инвентар	32,298,875	106,410,000	14,391,456	**44.6%**	**13.5%**	13.0%
Трошоци за услуги од тековни потреби	3,954,874	51,181,000	3,208,869	**81.1%**	**6.3%**	2.9%
Плата и надоместоци од плата ,останати трошоци на вработените	57,365,912	162,090,000	77,079,891	**134.4%**	**47.6%**	69.6%
Трошоци за амортизација	18,491,564	20,000,000	13,182,204	**71.3%**	**65.9%**	11.9%
Останати трошоци од работењето	3,079,699	31,549,000	2,244,095	**72.9%**	**7.1%**	2.0%

Вредносно усогласување на тековни и нетековни средства		10,000		**0.0%**	**0.0%**	0.0%
Останати расходи од работењето	697,516	700,000	548,809	**78.7%**	**78.4%**	0.5%
Финансиски расходи	86,837	60,000	63,920	**73.6%**	**106.5%**	0.1%
ВКУПНИ РАСХОДИ	**115,975,277**	**372,000,000**	**110,719,244**	**95.5%**	**29.8%**	100.0%

Трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови, во првиот шестмесечен извешај од 2025 година се остварени во вкупен износ од 14,391,456 денари,што е реализација од 13,5% од финансискиот план за 2025 година. Споредени со трошоците остварени во истиот период од 2024 година, трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови се намалиле за 55,4 проценти.

Трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови во вкупните расходи учествуваат 13%, а се однесуваат на: трошоци за материал 300 денари, трошоци за енергија 14,387,684 денари и трошоци за резервни делови и материјали 3,472 денари.

Трошоците за услуги од тековни потреби во анализираниот период бележат остварување во вкупен износ од 3,208,869 денари, што е реализација од 6,3 проценти од Годишниот финансиски план за 2025 година. Споредениc со истиот период од минатата година, услугите од тековни потреби се намалиле за 18,9 проценти. Истите,опфаќаат 2,9% од од вкупните расходи на ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА – СКОПЈЕ.

Трошоците од групата услуги од тековни потреби, кои се остварени во период од 01.01.2025 до 30,06,2025 година се однесуваат на:

4. транспортни услуги 287,027 денари
5. поштенски, телефонски услуги и интернет услуги 391,441 денари
6. услуги на заштита и одржување 29,264 денари
7. наемнини 956,562 денари
8. комунални услуги 1,509,519 денари
9. останати услуги 35,056 денари.

Трошоците за плати, надоместоци од плата и останати трошоци, во првиот шестмесечен извешај од 2025 година се реализирани во износ од 77,079,891 денари, што во однос на Годишниот финансиски план претставува остварување од 47,6 проценти. Споредени со истиот период од минатата година бележат зголемување за 34,4 проценти. Трошоците за плата во вкупните расходи учествуваат со 69,6 проценти.

Вкупно остварените трошоци за плати и надоместоци од плата се однесуваат на: бруто плати основна плата, даноци, придонеси, минат труд, празнична работа, ноќна работа, годишен одмор, боледување, платено отсуство, отпремнини и други лични примања .

Платите на вработените во анализираниот период се пресметувани согласно позитивните законски прописи кои се на важност во РСМ, Колективниот договор и нормативните акти на претпријатието.

Трошоците за амортизација во првиот шестмесечен извешај од 2025 година изнесуваат 13,182,204 денари, што во однос на Годишниот финансиски план за 2025 година претставува остварување од 65,9 проценти.Споредени со истиот период од минатата година бележат намалување за 28,7 проценти.

Во вкупните расходи трошоците за амортизација учествуваат со 11,9 проценти.

Амортизација на материјални и нематеријални средства се врши согласно законската регулатива и сметководствените политики на претпријатието. Применетите годишни стапки на амортизација се во согласност со номенклатурта за стапките на амортизација. Амортизацијата на опремата и градежните објекти е пресметана со примена на пропишаните законски стапки за отпис на основните средства.

Останатите трошоци од работењето во првиот шестмесечен извешај од 2025 година се реализирани во вкупен износ од 2,244,095 денари, што во однос на Годишниот финансиски план за 2025 година претставува остварување од 7,1 проценти.Споредени со истиот период од минатата година, овие трошоци бележат намалување од 27,1 проценти. Во вкупните расходи, останатите трошоци од работењето учествуваат со 2 роценти.

Оваа група ги опфаќа следните видови на трошоци:

1. дневници за службени патувања и патни трошоци
2. надоместоци на органи на управување и надзор
3. трошоци за осигурување
4. банкарски услугии трошоци на платен промет
5. даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки
6. останати трошоци

Финансиските расходи во првиот шестмесечен извешај од 2025 година се остварени во вкупен износ од 63,920 денарии се однесуваат на пресметани камати од работење со неповрзани субјекти.

4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА- БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Билансот на состојба е кумулативен преглед, кој го набљудува претпријатието во даден момент и ја прикажува состојбата на средствата, изворите и капиталот, кои произлегуваат од сите активности во претпријатието, од неговото основање до денот на составување на билансот.

4.1.1. Нетековни средства

Вкупната вредност на нетековните средства на 30,06,2025 година, изнесува 388,508,513 денари.

Состојбата на нетековните средства е прикажана во следнава табела:

Виднасредство	**Состојба**	**Состојба**
	30.06.2024г.	**30.06.2025**
Нематеријалнисредства	**0**	**0**
003 Софтвер и останати права	19,039,729	19,039,729
009 Акумулирана амортизација	-19,039,729	-19,039,729
нанематеријалнисредства		
Сегашна вредност на нематеријални средства	**0**	**0**
Материјални средства	**411,989,495**	**388,508,513**
010 Земјиште	218,891,094	218,891,094
011 Градежниобјекти	273,452,444	273,452,444
012 Постројки и опрема	1,222,330,009	1,225,907,024
013 Алат,погонски иканцелариски ,мебел	128,635,895	128,635,895
инвентар и транспортнисредства		
019 Акумулирана амортизација на материјални средства	-1,431,319,947	-1,458,377,944
Сегашна вредност на материјални средства	**411,989,495**	**388,508,513**
Вкупно нетековнисредства	**411,989,495**	**388,508,513**

Анализата на структурата на средствата покажува дека најголем дел од средствата на друштвото се вложени во нетековни средства, додека учеството на тековните средства е релативно ниско. Ова

укажува на ограничена способност за брзо подмирување на краткорочните обврски. Иако друштвото остварува позитивен финансиски резултат, структурата на приходите и високиот удел на фиксните трошоци претставуваат ризик за одржување на ликвидноста. Оттука, ликвидноста може да се оцени како умерена со потенцијални ризици, во зависност од висината на тековните обврски

4.1.2.Тековни средства

Тековните средства на ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА – СКОПЈЕ ги сочинуваат: парични средства, краткорочните побарувања, краткорочните финансиски средства и залихите на суровини, материјали, резервни делови, ситен инвентар и автогуми. Вкупната вредност на тековните средства на 30,06,2025 година изнесува 179,493,926 денари.

4.1.2.1 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти ги вклучуваат депозитите на сметките (денарски и девизни) и готовината во благајна. На крајот на првото шестмесечие состојбата на паричните средства изнесува вкупно 65,386,368 денари.

Состојбата на паричните средства е прикажана во следнава табела:

Опис	**Состојба на 30.06.2024**	**Состојба на 30.06.2025**
1	**2**	**3**
Парични средства на трансакциски сметки	83,650,941	65,206,623
Парични средства на благајна	177,578	179,321
Девизни сметки	424	424
Вкупно парични средства	**83,828,943**	**65,386,368**

4.1.2.2 Состојба на побарувања

Вкупните ненаплатени побарувања на 30,06,2025 година изнесуваат 39,900,395 денари.

Побарувања од купувачи се 443,079,700 денари и сомнителните и спорните побарувања се 53,778,964 денари. Вкупните побарувања од купувачи се 496,598,026 денари , дадени аванси се

21,438 денари и побарувања од казнени камати се 239,200 денари, а додека вредносно усогласувања се 482,042,402 денари. Нето побарувања од купувачи се 14,816,262 денари.

Сомнителните побарувања се многу стари, дури од 2013 година и затоа предлагаме до управниот и надзорниот одбор да донесе одлука за бришење на овие сонителни побарувања.

Состојбата на вкупните побарувања на ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА – СКОПЈЕ на крајот на првото шестмесечие е прикажана во следнава табела:

Сметка	**Состојба на 30.06.2024**	**Состојба на 30.06.2025**
1	**2**	**3**
1.Краткорочите побарувања	**18,648,743**	**19,780,395**
120-Побарувања од купувачи во земјата	441,967,176	442,819,062
122-Дадени аванси во земјата	21,438	21,438
125-Побарувања од казнени камати	239,200	239,200
126-Сомнителни и спорни побарувања	53,778,964	53,778,964
129-Вредносно усогласување на побарувањата	-482,042,402	-482,042,402
133-Побарувања за повеќе платен данок од добивка	4,182,294	4,182,294
143-Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања	79,590	80,724
145-Останати побарувања од вработените	277,278	555,910
151-Заеми на поврзани субјекти	145,205	145,205
2.Краткорочни финансиски средства	**20,000,000**	**20,000,000**
152 Побарувања врз основа на цесија,асигнација и превземање на долг	20,000,000	20,000,000
-позајмица ЈП Национални шуми		
-позајмица АД Елктрани на РСМ		
33.Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи(АВР)	**-110,000**	**120,000**

191-Однапред платени трошоци	**-110,000**	120,000
Вкупно побарувања (1+2+3)	**38,538,743**	**39,900,395**

4.1.2.3 Состојба на залихи

Залихите се водат по набавна вредност. Залихите на ситен инвентар целосно се отпишуваат во моментот кога се стават во употреба, но остануваат во евиденција заради следење.

Залихите на суровини и материјали ангажираат 83% од евидентираните вкупни залихи на крајот на првиот шестмесечен извешај од годината, а се однесуваат на следните материјали: електричен материјал, технички материјал, материјал за хигиена и техничко одржување, електричен материјал Проект дигитализација, технички материјал Проект дигитализација, електричен материјал Проект образование и останати суровини и материјали.

Состојбата на залихите е прикажана во следнава табела:

Опис	**Состојба на 30.06.2024**	**Состојба на 30.06.2025**
310- Суровини и материјали на залиха	59,065,171	61,364,373
320 -Залиха на резервни делови	2,469,652	2,469,852
350- Ситен инвентар на залиха	10,350,644	10,350,644
351- Ситен инвентар во употреба	8,281,360	8,281,360
352-Амбалажа и автогуми на залиха	479,480	479,480
354- Залиха на с.инвентар, амбалажа и автогуми	-367,256	-367,256
357- Вредносно усогласување на залихите на ситен инвентар	-8,371,290	-8,371,290
Вкупно залихи	**71,907,761**	**74,207,163**

4. Состојба на обврски

Вкупните обврски евидентирани во сметководствената евиденција на 30,06,2025 година изнесуваат 9,485,729 денари.

Состојбата на вкупните обврски е прикажана во следнава табела:

Сметка	**Состојба на 30.06.2024**	**Состојба на 30.06.2025**
1.Краткорочни обврски	**19,204,311**	**8,424,481**
220-Обврски кон добавувачите во земјата	2,375,826	-7,479,519
221-Обврскикондобавувачитевостранство	4,750,164	4,750,164
222-Обврскизапримениавансиод купувачи	46,256	46,012
225-ОБВРСКИ ЗА КАМАТИ (ДОГОВОРНИ И КАЗНЕНИ)	61,235	61,235
230-Обврски за данок на додадена вредност	2,385,051	1,164,857
233-Обврски за данок на добивка	-722,471	-722,471
234-Обврскиза даноци заплати и надоместоцинаплата	-567,816	3,539,626
235 -Обврски за персонален данок од доход	15,066	-427,380
240-Обврски за плати и надоместоци на плата	1,354,948	9,798,102
241- Обврски за надоместоци на вработените	279,578	255,887
242-ОСТАНАТИ ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ ПО КД	-30,000	-167,168
249- Останати обврски на вработените	156,704	80,184
250-Обврски спрема осигурителни друштва	-318,351	-408,297
251- Обврски за надомест на УО и НО	212,000	-645,158
252 –Обврски спрема вршители на дејност	-608,279	-1,538,759
253- Обврски за наемнини	-349,234	-664,652
262-Краткорочни крдити и заеми	10,163,634	781,818
2.Долгорочни резервирања	**1,061,248**	**1,061,248**

279-Долгорочни резервирања	1,061,248	1,061,248
3.Одложено плаќање на трошоци и приходи(ПВР)	**23,978,293**	**0**
290-Однапред пресметани трошоци	1,625,080	
294-Одложено признавање на приходи од државна подршка		
Вкупно обврски(1+2+3)	**44,243,852**	**9,485,729**

Негативното салдо од 7,479,519 денари за обврски кон добавувачи е како резултат на некнижени фактури.

Негативното салдо од 722,471 денари е како резултат на повеќе уплатен данок на добивка од претходните години.

5. Состојба на вработените

Вкупниот број на вработени, со состојба на 30,06,2025 година изнесува 162 лица.

Состојбата на вработените во ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА – СКОПЈЕ по квалификации е следна:

	ВСС	ССС	НСС	Вкупно
31.03.2025	**38**	**112**	**12**	**162**
Структура	23.5%	69.1%	7.4%	100
30,06,2025	**38**	**112**	**12**	**162**
Структура	23,46	69,13	7,41	100

6. Заклучок за финансиско работење

Во анализираниот период, финансиското работење покажува подобрување во однос на претходниот период. Остварените приходи се зголемени за 3.6%, а расходите бележат намалување од 10,1 %. Профитабилноста е на ниво од 15,409,045 денари, што укажува на ефикасно управување со ресурсите.

Ликвидноста и солвентноста се задоволителни , со коефициенти кои се движат во рамки на прифатливи граници.

Главни ризици

1. Ризик од намалување на приходи поради финансирањето од владата
2. Зголемување на оперативни трошоци енергија, суровини, плати
3. Ризик од неликвидност и доцнење во наплата
4. Надворешни економски фактори (инфлација, курсни разлики)
5. Концентрација на клиенти или добавувачи

Причини за отстапување

1. Нереализирани планирани приходи
2. Неочекувани зголемувања на трошоци
3. Недоволна контрола на расходи
4. Промени на пазарните услови
5. **Организациски слабости или неефикасно планирање**

Препораки

1. Подобрување на контролата и оптимизација на трошоците
2. Диверзификација на приходите и клиентската база
3. Зајакнување на наплатата на побарувања
4. Подобро финансиско планирање и буџетирање
5. Инвестирање во ефикасност и дигитализација

Мерки за следниот период

1. Изработка на детални месечни финансиски планови
2. Намалување на непотребни трошоци
3. Подобрување на ликвидноста преку подобро управување со готовински тек
4. Зголемување на приходите преку нови пазари или производи

Управен одбор на ЈП Национална радиодифузија Скопје